УДК: 61(497.7)(091)(049.3)

Ристо Брезјанин, *Историја на здравствената култура на Македонија*, ракопис. Воведни белешки кон изданието, редакција, коректура Габриела Топузовска, Институт за национална историја, Скопје, 2023. 295.

Ракописот, кој повеќе децении се наоѓал во архивата на Институтот за национална историја, конечно стана достапен за поширокaта јавност и за истражувачите благодарение на уредувањето, воведните белешки и редакцијата на проф. д-р Габриела Топузовска.[1] Во 2023 година, Институтот го издаде ова значајно дело на д-р Ристо Брезјанин[2] – Историја на здравствената култура на Македонија. Публикацијата има 295 страници и, освен текстот на д-р Брезјанин, вклучува воведни белешки (стр. 5-9), биографски податоци за авторот (стр. 9–11), фусноти, како и обемна библиографија (стр. 271–295).

Книгата претставува значаен придонес кон медицинската и општествената историја на Македонија. Авторот д-р Брезјанин преку сопствената стручна и публицистичка активност остава сведоштво за развојот на македонската медицина, за условите на здравствената заш-

[1] Проф. д-р Габриела Топузовска е научен советник на Институтот за национална историја во Скопје, во Одделението за нова и најнова историја (1941 - 1991). Нејзиниот научен интерес хронолошки и проблемски е лоциран главно на периодот меѓу двете светски војни и периодот на и по Втората светска војна до денес, со фокус на историја на медицина и проучување на генезата на историјата на здравствената заштита во Македонија во XX век. Резултат на научно-истражувачката работа е преточена во голем број дела, книги, статии и учество на национални и меѓународни конференции и симпозиуми.

[2] Д-р Ристо Трифунов Брезјанин (1907–1968) е роден во тетовското село Брезно. Медицински факултет завршил во Букурешт, Романија (1934), каде ја одбранил и докторската дисертација со највисока оцена *magna cum lauda*. Работел како лекар во Тетово и Скопје, бил активен учесник во народноослободителното движење и прв управител на Клиниката за инфективни болести во Скопје (1954). За време на својата лекарска кариера неуморно работи и на полето на социјалните проблеми на населението, особено на полето на здравственото просветување на народот. Автор е на бројни стручни трудови и учебници за медицински училишта. Починал во Скопје во 1968 година.

тита, но и за социјалните и политичките контексти во кои работеле лекарите. Редакцијата и уредувањето што ги изврши проф. д-р Габриела Топузовска имаат особено значење, бидејќи го направија делото читливо и достапно, со што се овозможи еден значаен ракопис да добие нов живот. Со овој чекор, Институтот за национална историја покажа чувствителност и визија за зачувување на културното и научното наследство, а на македонската и пошироката историографија и подари дело кое отвора можности за натамошни истражувања.

Историјата на медицината, како дисциплина, одамна се наоѓа на пресекот меѓу науката и хуманистиката. Таа ги проучува не само медицинските откритија и појавата на нови концепти, туку и пошироките социјални, културни и економски околности во кои се развивале медицината и здравствената практика. Во таа смисла, делото на д-р Брезјанин совршено се вклопува во современите трендови на истражување. Тој не го гледа лекарот и болеста изолирано, туку како дел од поширок контекст во кој науката, општеството и културата се преплетуваат.

Д-р Ристо Брезјанин воден од убедувањето дека медицината е составен дел од општата историја, тој се посветил на собирање, систематизирање и обработување на материјали кои денес претставуваат драгоцено сведоштво. Неговиот труд е мотивиран и од светските примери – големите имиња на медицината кои оставиле белег во историјата, и кои, според него, заслужуваат да имаат свое место во историските читанки. Во оваа насока, ракописот на д-р Брезјанин содржи податоци за бројни македонски лекари и за здравствената состојба во Македонија во различни периоди, со што претставува прв ваков обемен обид за создавање целосна историја на медицината кај нас.

Вредноста на ова дело дополнително се потврдува преку архивската граѓа што сведочи за процесот на неговото создавање. Во 1965 година бил потпишан договор меѓу Институтот за национална историја и авторот, по што следеле рецензии од реномирани експерти: проф. Владимир Станојевиќ, прим. д-р Климентие Милошевиќ, проф. Харалампие Поленаковиќ, проф. Димче Кочо и проф. Александар Матковски. Нивните мислења укажуваат на големината на вложениот труд и ја потврдуваат научната релевантност на ракописот.

Содржината на делото е многу богата: деветнаесет поглавја, обемна библиографија со 477 наслови и бројни податоци кои дотогаш не биле публикувани. Трудот овозможува хронолошки да се следи историскиот развој на медицината низ времето, давајќи притоа голем број податоци и информации со кои се доловуваат општествените, економските, социјалните и здравствените случувања во општеството. Ракописот претставува интегрален труд, отчукан на машина за пишување со латинични букви, на 309 страници, разработен на повеќе историски периоди. Трудот содржи: содржина,

предговор и вовед. Секако, како што се случува со секое големо дело оставено во ракопис, забележливи се технички и правописни грешки, но тоа не ја намалува неговата вредност, напротив, сведочи за времето на создавањето и за личниот труд на авторот. Но, со цел добивање на квалитетно дело според современите научни, јазични и технички стандарди ракописот „Историја на здравствената култура на Македонија", е пречукан со кирилични букви, објавен во изворна форма со одредени интервенции и корекција на техничките грешки и пропусти кои се нотирани во текстот.

Ракописот на д-р Брезјанин, не само што ги отвора страниците на едно минато што долго останувало во архивите, туку поставува и темели за натамошни научни истражувања. Писмената оставнина на овој лекар, кој воедно бил еден од основоположниците на Инфективната клиника во Скопје, овозможува подобро разбирање на здравствената култура и нејзиниот развој.

Со објавувањето на ова дело, се обновува споменот на еден посветен лекар, а македонската историографија се збогатува со обемен и значаен труд. Придонесот на делото е двоен: од една страна е вреден извор за историјата на здравството во Македонија, а од друга страна е сведоштво за хуманистичкиот и професионален етос на еден лекар кој ја надминал улогата на стручњак и се вклучил во општествените процеси. Делото Историја на здравствената култура на Македонија ќе остане траен извор и поттик за идните генерации научници кои ќе ја развиваат историјата на медицината како рамноправна и важна дисциплина во рамки на современата наука.

Зеќир Рамчиловиќ
zecir.ramcilovic@gmail.com